Македонска Ризница

електронско списание

Република Македонија

Март 2014 | Број 20
ISSN 1857-9314

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов

ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов

ДИЗАЈН:
Сашо Гачев

РЕДАКЦИЈА:
Гоце Панговски

СОРАБОТНИЦИ:
Евгенија Куцуловска Лурот
Весна Ничевска Саравинова
Владо Јаневски
Никола Темков
Тале Гоговчев
Весна Ѓиновска-Илкова
Никола Анѓелкоски
Анита Петровска Рајковиќ

Горди, домаќини, големи срца, срдечни, весели, напатен народ но со високо кренатa глава и свои на своето – ова е описот кој ќе ви го даде секој странец кој некогаш сретнал МАКЕДОНЕЦ. Со право е светот воодушевен од нашиот менталитет. Топлината на нашата земја се слеала во крвта на секој МАКЕДОНЕЦ. Знаеме да почитуваме, да се веселиме, знаеме да си ги чуваме семејните вредности – но....

Но, не многу знаеме за самите себе – за жал. Се чини повеќе нашата култура ја ценат оние однадвор отколку ние самите. Повеќе ја чуваат странците отколку ние самите. Се восхитуваме на историското наследство на туѓите земји, а за нашето малку или недоволно знаеме.

Еднаш поставив прашање во една моја колумна – обично прашање поради кое колумната буквално го обиколи светот. Тоа е еден од моите најчитани текстови, а поради само еден за мене поразувачки факт – а тоа е одговорот на моето прашање во текстот.

Знаеме ли кои сме? Која е Македонија?

Во текстот само набројав некои помалку познати факти за нашата преубава земја. Текстот молскавично се ширеше, а исто како и јас повеќето читатели првпат прочитале за некои од информациите во текстот – и тоа даде одговор на моето прашање –

НЕ, НЕ СИ ЈА ЗНАЕМЕ МАКЕДОНИЈА, НЕ, НЕ ЗНАЕМЕ ДОВОЛНО КОИ СМЕ!

Затоа и сметам дека списанија како Македонска Ризница се БОГАТСТВО. Како ќе им пренесеме на младите што има нашата земја, која е нашата историја ако не пишуваме за тоа, ако не објавуваме текстови за ова преубаво парче земја.

Горди сме си на Македонија, но потребни ни се информациите за минатото, за сегашноста, за тоа која била, која е и на каде ни оди нашата Македонија.

Читајте ги овие страници – ќе се зачудите колку од овие информации пренесени низ текстовите не сте ги знаеле, Верувајте – ќе се чуствувате исполнето – ќе бидете уште погорд МАКЕДОНЕЦ, со уште погоре кренатa глава за тоа кои сме, од каде доаѓаме, што имаме!!

Анита Петровска Рајковиќ

Во овој број ќе читате:

Руско „сказание“ за Александар Македонски

Гоце Панговски и Евгенија Куцуловска Лурот 04

Интервју: Владо Јаневски

Весна Ничевска Саравинова 08

Македонската Јованка Орлеанка

Никола Темков 18

Крушоради (леринско)

Тале Гоговчев 21

Интервју со оперската певица - Весна Ѓиновска-Илкова

Гоце Панговски 25

Цитат: Џон Мекејн

Редакција 30

Манлихера, верната придружничка на македонските револуционери

Александар Стеванов 32

Димко Илија Сарванов - Могилчето

Александров Стеванов 39

Карикатура: Апостол Петков -Терзиев

Никола Анѓелкоски 42

Икони од Македонија

Редакција 44

Руско „сказание“ за Александар Македонски

Кон средината на 19 век во еден зборник со руски народни приказни е објавено и едно кратко „СКАЗАНІЕ ОБЪ АЛЕКСАНДРѢ МАКЕДОНСКОМЪ“.[1] Преданието т.е. „сказанието“ е запишано во саратовската губернија на Русија и во него се раскажува за јунаштвото на непобедливиот цар Александар Македонски и неговата војска, којшто ги победил и покорил сите земни царства та на крајот на светот се судрил и со фантастичните луѓе-нелуѓе од народите на Гог и Магог. Во продолжение се вели дека дури и тие народи-ѕверови се исплашиле од Александар Македонски којшто ги набркал во некоја пропаст и ги затворил со железна врата, кадешто пискотат до денес и ќе излезат од таму кога ќе дојде крајот на светот.

Учените Руси уште тогаш знаеле дека можен извор за ваквите народни преданија меѓу Русите е романизираната верзија за животот и легендарните подвизи на Александар Македонски за чиј оригинален автор се сметало дека е Псевдо-Калистен.[2] Не се знае кога точно за прв пат се појавила оваа збирка од подвизи и авантури со многу митолошки елементи за животот и делата на Александар Македонски. Датирањата варираат помеѓу времето веднаш после смртта на Александар во Вавилон во 323 год. п.н.е., до неколкуте први векови од новата ера. Не се знае точно ни кои од опишаните легендарни подвизи и авантури биле во „оригиналната верзија“ ако може така да се каже, затоа што низ вековите ова дело се пренесувало по писмен, но и по усмен пат, при што се додавале или одземале одредени делови како што е честа практика во такви случаи. Делото во форма на роман со наслов „Животот и делата на Александар Велики“ или едноставно „Александрида“ стекнало особена популарност во средните векови и било познато и раширено на јазиците по Северна Африка, Блискиот Исток и цела Европа.

Интересно е дека учените низ вековите и до ден денешен ги кршат копјата и околу термините Гог и Магог, при што за нив има најразлични толкувања. Она што се знае е дека за прв пат се јавуваат во старозаветните записи, и тоа Магог како лично име во родословите како еден од синовите на Јафет во (Битие 10:2 и Летописи 1:5), но и како име за земја (Книгата на пророк Езекиел поглавја 38 и 39). Додека Гог се јавува како лично име во родословите како еден од синовите на Јоил (Летописи 5:4) и како „Гог во земјата Магог“ (Книгата на пророк Езекиел поглавја 38 и 39). И токму споменувањето на Гог и Магог во 38 и 39 поглавје во Книгата на пророк Езекиел од стариот

---

[1] А. Н. Афанасьев „НАРОДНЫЯ РУССКІЯ СКАЗКИ“, Выпуск V, Москва, 1861, 319-320

[2] А. Н. Пыпин „ОЧЕРКЪ ЛИТЕРАТУРНОЙ ИСТОРІИ СТАРИННЫХЪ ПОВѢСТЕЙ И СКАЗОКЪ РУССКИХЪ“, Санкт Петербургъ, 1857, 30

завет кадешто тие се споменати во воен и негативен контекст е најверојатно изворната традиција од каде е превземена борбата со нив.

Гог и Магог се јавуваат и во Новиот Завет и тоа во апокалиптичната Книга на Откровение (20:8), во контекст на ослободувањето од илјадагодишното заточение на Сатаната, којшто кога ќе излезе „ги лаже народите по четирите краишта на земјата, Гога и Магога, и да ги собере за војна". Се смета дека Книгата на Откровението е создадена некаде во втората половина на првиот век од новата ера.

Подоцна, покрај во еврејските и христијанските свети записи, Гог и Магог се јавуваат и во муслиманската света книга Куранот, и тоа во малку видоизменета форма како Јеџуџ и Меџуџ (18:83-98 и 21:96). Во Куранот во Суре 18: Ел-Кахф (Пештерата) Јеџуџ и Меџуџ се споменати во директна врска со „Зул Карнејн"(дво-рогиот) за кого многу од учените се сложуваат дека го претставува токму Александар Македонски, и во стиховите (18:93-98) е опишано токму она што во голема мерка се совпаѓа со она што можеме да го прочитаме во ова руско предание за Александар Македонски. Имено, во нив се зборува за тоа како „Зул Карнејн" со усвитено железо и бакар гради бедем со кој ги одделува и заградува Јеџуџ и Меџуџ.

За тоа дека Александар Македонски изградил железна врата некаде помеѓу Кавказ и Каспиското море пишувал и еврејскиот историчар којшто живеел во првиот век од новата ера Флавиј Јосиф, во неговото

дело „Војните на Евреите" VII.7.4 (244-246).[3]

Легендарни преданија од антиката и средните векови за тоа дека Александар Македонски градел огромни ѕидови на северната или источна страна на неговата македонска империја со цел да ја заштити од нападите на дивите народи коишто биле нарекувани Гог и Магог, и коишто дефинитивно влечат корени од горенаведените писмени и усни традиции, може да се најдат во многу од пишувањата на еврејските, христијанските и муслиманските традиции од средновековието, и тие биле и сеуште се предмет на истражување на мноштво научници, коишто се обидуваат да ги соберат, категоризираат и толкуваат сите тие записи.[4]

Во прилог го доставуваме преводот на ова кратко но мошне интересно руско предание за Александар Македонски.

Гоце Панговски

---

[3] Текст со превод на англиски според Thackeray во: "JOSEPHUS in nine volumes", v.III, London, 1961, 574-575

[4] Sverre Bøe "Gog and Magog", Tübingen, 2001, 20, 219-234

Предание за Александар Македонски

Живееше еден цар, се викаше Александар Македонски. Тоа беше во старо време, толку одамна што ниту дедовците, прадедовците, прапрадедовците и далечните предци не се сеќаваат. Тој цар беше јунак над јунаците. Ниту најсилните атлети на светот не можеле да го победат. Тој сакал да војува и неговата војска се состоела од најголеми јунаци. Со кого и да војувал царот Александар Македонски, секогаш победувал. И ги покорил сите земни царства. И заминал тој на крајот на светот и нашол такви народи од кои, иако бил храбар се згрозил: посвирепи од крвожедни sверки кои јадат живи луѓе; некои од нив со едно око-и тоа на чело, други со три очи; некои само со една нога, а други со три, и трчаат брзо како стрела. Тие народи се викале Гоги и Магоги. Меѓутоа царот Александар Македонски не се исплашил од тие диви народи; почнал да војува со нив. Дали долго или кратко војувал со нив-не се знае; само се знае дека дивите народи се уплашиле и почнале да бегаат од него. Тој по нив, ги бркал ги бркал и ги отерал во такво зафрлено место, таква пропаст, планини за кои не се раскажува во сказните ниту пак се пишува за нив. Таму тие и се скриле од царот Александар Македонски. Што направил со нив царот Александар? Од две планини направил над нив една арка, во неа поставил цевки, и се вратил назад во својата земја. Кога дуваат ветришта во цевките се креваат страшни писоци; тие, седејќи таму врескаат: о, се уште е жив Александар Македонски! Тие Гоги и Магоги до ден денес се живи и треперат од Александар, а ќе излезат оттаму пред самиот крај на светот.



Превод од руски
Евгенија Куцуловска Лурот

А. Н АѲАНАСЬЕВА,

НАРОДНЫЯ РУССКІЯ

СКАЗКИ.

—

ВЫПУСКЪ V.

—

МОСКВА.
ВЪ ТИПОГРАФІИ ГРАЧЕВА И КОМП.
1861.

СКАЗАНІЕ ОБЪ АЛЕКСАНДРѢ МАКЕДОНСКОМЪ.

Жилъ на свѣтѣ царь; имя его было Александръ Македонскій. Это было въ старину, давно-давно, такъ что ни дѣды, ни прадѣды, ни прапрадѣды, ни пращуры наши не запомнятъ. Царь этотъ былъ изъ богатырей богатырь. Никакой силачъ въ свѣтѣ не могъ побѣдить его. Онъ любилъ воевать, и войско у него было все начисто богатыри. На кого ни пойдетъ войною царь Александръ Македонскій — все побѣдитъ. И покорилъ онъ подъ свою власть всѣ царства земныя. И зашелъ онъ на край свѣта и нашелъ такіе народы, что самъ, какъ ни былъ храбръ, ужаснулся ихъ: свирѣпы пуще лютыхъ звѣрей и ѣдятъ живыхъ людей; у иваго изъ нихъ одинъ глазъ—и тотъ во лбу, а у иваго три глаза; у иваго одна только нога, а у иваго три, и бѣгаютъ они такъ быстро, какъ летитъ изъ лука стрѣла. Имя этихъ народовъ было: Гоги и Магоги. Однако-жъ царь Александръ Македонскій отъ этихъ дивіихъ народовъ не струсилъ; началъ онъ съ ними воевать. Долго ли коротко ли онъ съ ними вёлъ войну—это невѣдомо; только дивіи народы струсили, и пустились отъ него бѣжать. Онъ за ними, гнать-гнать, и загналъ ихъ въ такія трущобы, пропасти

и горы, что̀ ни въ сказкѣ сказать, ни перомъ написать. Тамъ-то они и скрылись отъ царя Александра Македонскаго. Что-же сдѣлалъ съ ними царь Александръ? Онъ свёлъ надъ ними одну гору съ другою сводомъ, и поставилъ на сводѣ трубы, и ушелъ назадъ въ свою землю. Подуютъ вѣтры въ трубы, и подымется страшный вой; они, сидя тамъ, кричатъ: о, видно еще живъ Александръ Македонскій! Эти Гоги и Магоги до сихъ поръ еще живы и трепещутъ Александра, а выйдутъ оттудова передъ самою кончиною свѣта.

(Записана въ саратовской губерніи А. Леопольдовымъ.)

ИНТЕРВЈУ-ВЛАДО ЈАНЕВСКИ



Владо Јаневски е роден во с. Прострање, Западна Македонија, живеел и студирал во Битола и Скопје, но од пред дваесетина години живее во Австралија. Тој е креативен ум кој не се ограничува ни во изборот на медиумите, ни во изборот на стилот и жанрот. Го запознав сосема случајно преку интернет читајќи ги неговите хумористични стрип каиши за светот на Мачорот Бромо, но понатаму открив дека пишува проза и поезија и се занимава со сликарство подеднакво успешно на сите полиња. Тој за себе ќе каже :

За тип како мене веројатно повеќето читатели на ова интервју би си помислиле – Владо Јаневски? Убаво име, но не е пејачот, тогаш кој е по ѓаволите овој анонимус? А тоа не е далеку од вистината, анонимус сум. Не е дека не сум постигнал нешто до сега – на пример сум бил објавуван и наградуван повеќе пати: објавени збирка раскази, роман, исто и еден од наградуваните автори во две други збирки раскази, нешто објавувана поезија и... што со тоа? Ништо, буквално ништо. Можам да кажувам уште, на пример дека сум изложувал и продал извесен број на свои слики, особено во последно време, сум работел на неколку свои стрипови, но пак, што со тоа? Ако тука ги набројам сите тие мои т.н. „достигнувања“, со имиња на објавените книги, издавачи, списанија, портали тогаш некој ќе си помисли дека сепак сум постигнал нешто. Но мислам дека тоа не е така, дека сепак по своја вина (или можеби по вина на македонскиот систем на вредности?) сум еден обичен анонимус. Тоа е едно, а друго е тоа што навистина ме иртираат такви типови за кои мислиш не постигнале ништо вредно/креативно, но кога ќе им се укаже (ваква) прилика да зборуват за себе тогаш дури си трепнал ќе состават цел список од достигнувања небаре безмалку уште Нобелова награда или Оскар им недостига. Па, отприлика тоа сум јас, анонимус, десперадо, отпадник, залутан во белиот свет (веќе 25 години во Австралија), маргинализиран од интелектуалните/уметничките кругови во Македонија – како во литературата, така и во сликарството, стрипот, науката... Значи ги имам сите предуслови да исчезнам за секогаш, како воопшто да не сум постоел, но ете, сепак тука и таму проблеснувам на се помрачното небо во Македонија. Не се предавам така лесно, се борам, понекогаш релативно успешно - можеби токму затоа што сум анонимен и умеам да боцнам таму каде што најмалку очекуваат. Единствена сатисфакција ми е микроскопскиот круг на оние што го ценат мојот труд. Иако тој круг е толку мал, тоа се луѓе кои се бројат на дланка, но ми значат и ми даваат сила да продолжам, инаку одамна ќе се откажев.

1 Бидејќи си уметник кој се изразува преку повеќе различни медиуми, од пишување раскази, преку пишување роман и сликање до илустрирање и креирање стрипови, би те запрашала преку кој медиум се чувствуваш најслободен и кој медиум ти е најпогоден за изразување на твоите уметнички пориви?

Уметник? Најпрвин како тоа чудно звучи, барем за мене... Навистина, и после сиве овие години сеуште не се претставувам/замислувам како таков, уште помалку како писател, раскажувач, сликар, стрип автор... но факт е дека без секојдневното дружење со уметноста и постојаниот обид да се создава/експериментира не би можел да опстанам – сето тоа е дел од мене, можеби поголемиот дел. Најслободен и најпогоден начин на изразување? Не знам, повеќето од погоре споменатите начини ми се толку блиски што почнуваат да се слеваат во едно. За мене најважно (читај: уживање) е раскажување на приказна, по можност интересна, кажана на мој начин, но истовремено потрага по свој препознатлив стил. Ако така ги гледам работите тогаш

веројатно во тоа најдалеку сум отишол во сликарството и стрипот – кога сликам или кога работам на стрипот се чувствувам како во истиот момент да сум зачекорил во еден друг свет. Од друга страна пишувањето бара повеќе време, а за жал живеам во многу динамичен свет така да тој начин на изразување не ми е најпогоден, бидејќи немам многу слободно време на располагање и постојано сум прекинуван. Затоа пак успевам набрзина да насликам, илустрирам нешто или да направам нова стрип епизода, каиш итн. Но, и тогаш морам да работам брзо и да го завршам она што сум го наумил пред да бидам пак прекинат (кога еднаш сум прекинат тешко се навраќам на она што сум го започнал). Навистина, би сакал кога би можел да бидам оставен да работам подолго време, без прекини, на една слика или стрип каиш, да го дотерувам со денови, но за жал кај мене тоа мора да биде завршено од прва рака и најчесто само за час или максимум 2-3 часа. Што да правам кога живеам во таков свет, ми останува или да се прилагодам и работам брзо или да престанам да се занимавам со она што најмногу го сакам – уметноста.

2 Дали се сеќаваш со што прво почна да се занимаваш и интересираш во детството, дали тоа беше пишувањето или цртањето?

По природа сум визуелен тип, сакам, по можност, она што ми се мота во главата да го претставам на хартија, најчесто како скица, цртеж. Како дете сакав да цртам, но понекогаш тоа беше проблематично, особено на училиште, затоа што имав обичај со остар предмет да цртам по клупата пред себе. Имавме дрвени клупи, како создадени за „длабока резба“, подоцна имавме од оние светнатите клупи на кои можеше не само да се гребе туку и да се црта со молив или пенкало. Значи бев детиште што не размислуваше многу дека она што го врежував и цртав на мојата клупа може да ми се одмазди – па така, „за награда“ бев повлекуван за уши и прекоруван да престанам со уништување на инвентарот. Потоа почнав да цртам по учебниците, кориците на тетратките. Подоцна се префрлив на пишување, се сеќавам еднаш имавме писмена работа по македонски каде требаше да пишуваме состав на слободна тема. Јас решив да напишам нешто ден пред тоа, демек се припремав дома, и бидејќи ми се допадна она што го подготвив решив да го препишам на час, значи препишував од себе си. Но наставничката мислеше поинаку, не сакаше да го чуе објаснувањето дека она што го препишував беше мое дело, ме избрка од час пишувајќи ми единица. Сепак, и покрај запаѓање во екстремни ситуации, не бев лош ученик, на крајот на годината секогаш некако успевав да се „нормализирам“ и најчесто поминував одличен или во најлош случај многу добар.

3 Бидејќи си голем индивидуалец, дали повеќе сакаш сам да работиш или сакаш да соработуваш со некого?

Да, по природа сум индивидуалец, на пример имам некоја идеја и сакам да ја истерам до крај, мислам дека во тоа сум прилично добар – сакам да го видам завршено она што сум го наумил, по можност веднаш, уште истиот ден. Кога соработуваш тогаш процесот е малку поинаков. Ова првенствено се однесува на стрипот, бидејќи во другите форми, како сликарство или пишување индивидуализмот се претпочита. На полето на стрипот сум се обидувал неколку пати да соработувам, најчесто како сценарист, но најчесто сум бил одбиван. До сега сигурно некој ќе се согласеше, но веројатно не оставам добар впечаток или, кој знае, можеби не сум толку интересен како другите сценаристи или се немало слух за она што сум им го предложил како идеја, не знам. А не е дека немам

разбирање, материјал, искуство или идеи за соработка. Но што и да е, барем до сега немало соработка. Можеби ќе ја има некогаш во иднина (во што чисто се сомневам).

4 Што ти е најголем предизвик кога создаваш некое дело и кој е твојот процес на работа?

Предизвикот е да се има авантура, експеримент, внесување нешто свое, освојување на белината на хартијата, платното и (најчесто без некој претходен план) од таму да никне нешто што ќе те возбуди и ти даде еден вид на крилја да леташ барем додека си во тој транс на создавање. Можеби затоа имам и таков процес на работа, кога творам сакам се брзо да се случува и резултатот да биде пред мене што е можно побрзо, понекогаш дури срцето почнува забрзано да ми чука додека не го уловам во белината она што ме предизвикало , а ни самиот не знам каков ќе биде конечниот облик/изглед... Ретко се припремам, меѓудругото затоа што дури и да сакам за тоа немам време. Растргнат сум со редица други задолженија во текот на денот, така да можам да творам само многу кратко време, најчесто кога ќе се вратам од работа. Затоа не ретко си крадам и од сонот и другиот ден одам на работа недоволно наспан, понекогаш тоа моите колеги го забележуваат.

5 Кои се твоите размислувања за уметноста и што таа за тебе значи?

Уметноста за мене значи сè. Без неа мислам дека не би можел да функционирам. Сум забележал дека луѓето различно ја сфаќаат. Што е сосема во ред и го почитувам тоа. Веројатно во уметноста нема само еден пат за стигнување до целта, ако воопшто постои цел. Меѓутоа како што се занимаваш со уметноста така и почнуваш сè повеќе да размислуваш што всушност е тоа. Дали се работи за вештина (и план) што се извршува со висок степен на професионализам или тоа е само експлозија на креативност? Лично мислам дека има голема разлика меѓу вештина и креативност. Ако си вешт тогаш веројатно се работи само за мајсторство, и може да се рече дека оној што има таков пристап го совладал занаетот и достигнал перфекција. Но дали навистина тоа е уметност, за мене уметноста е многу повеќе од чин на мајсторство или совладување на занаетот и честопати многу помалку од перфекција. За мене уметноста е она што сум јас, она што сум успеал да го пронајдам во себеси на свој начин и со свој стил, со експериментирање на своја рака, при тоа не грижејќи се дали тоа ќе им се допадне на другите и не задушувајќи го она суровото, недоделканото во мене, во изразот, она што на некого можеби и ќе му изгледа лудо, вознемирувачко, необично, неразбирливо...

6 Кои се твоите најнови ангажмани и планови на полето на уметноста, во книжевноста, во ликовната уметност или стрипот?

Сакам да сликам и пишувам и го правам тоа, најчесто се задоволувам со жештината на креативниот процес, без притоа да се оптоварувам дали тоа ќе се објави или продаде. Идеално сакам секој ден да направам по една слика, или еден каиш или панел од мојот стрип или да напишам песна, расказ. Најчесто тоа ми успева, но тука запирам, не се обидувам да творам само за конкурси или стрип фестивали и слични манифестации или да пишувам роман и потоа да го издавам самиот или да губам време бркајќи потенцијален издавач. За други тоа може да биде сосема нормален пристап, но мене лично тоа ми е прилично туѓо и ја убива уметноста во мене. На пример имам повеќе ракописи – два необјавени романи,

I am scared
tomorrow
is anothe
day
VLADO

I know
I know
EXIT
VLAD

VLADO


VLADO

збирка раскази, книга за деца, графичка новела, што со години седат во фиока и кој знае дали некогаш ќе бидат објавени, но ништо страшно, бидејќи не сум ги создавал со намера да бидат објавени, тоа било повеќе предизвик/експериментирање да се содаде нешто, процесот на создавање бил интересен, како еден вид на патување, ако при тоа не се стигнало на целта (објавена книга) тогаш во некоја рака и подобро што е така, бидејќи патувањето не е завршено, нели? Инаку можам да кажам дека на пример моите слики сепак се продаваат и стрипот се објавува и мојот глас се слуша – но за тоа со стрипот можеби во некоја друга прилика.

7 Каде ја наоѓаш инспирацијата за создавање на своите дела?

Тоа со инспирацијата е чудна работа, сум забележал дека без неа не се може. Во мојот случај инспирацијата си ја замислувам како жена со долга коса, тука се појавува и мачор со долг опаш, многу долг опаш, повремено и птица што слетува на моето рамо, а во последно време и едно куче. Сите тие честопати се појавуваат во она што го работам, најчесто во сликите. Во секој случај, потребна ми е инспирација, најчесто се работи за жена – дали таа навистина постои или е измислена тоа веќе ни самиот не знам, но знам дека не сакам да паднам во немилост на таа жена или да имам недоразбирања со неа, но за жал тоа се случува, тогаш лутам - без инспирација.

8 Кои се твои омилени автори од полето на литературата, ликовната уметност и стрип уметноста?

Има повеќе автори кои ми се омилени, но не би можел да издвојам посебни имиња, најчесто се тоа имиња од светската сцена. Во секој случај има многу имиња од кои може да се научи нешто повеќе или да се добие идеја или едноставно да се изврши споредба со она што го работиш колку за ориентација каде ти е местото. Но, за жал, немам многу време да ги истражувам нивните дела, имам само еден живот и сакам да се откријам себе си преку она што го создавам.

9 Дали можеш да направиш споредба помеѓу ситуацијата во уметноста и колку таа се цени во Македонија и во Австралија?

Ситуацијата во уметноста во Македонија е очајна. Таму има добри уметници, за жал сè помалку, како што има сè помалку луѓе што размислуваат со своја глава, и скоро сите се задушуваат во таа транзиција што трае толку долго и како да и нема крај. Мислам дека уметниците како дел од интелектуалниот свет сепак треба да го кренат својот глас, не треба да бидат безгласни и ако треба жестоко да се борат за свето место во тој систем. Не треба да дозволуваат да бидат експлоатирани и да работат за беспари. На пример ме револтира кога еден од основните услови за соработка со стрип авторите е да не им се плаќа хонорар или се плаќа премалку. Но, за жал тоа е нешто како општо прифатено размислување таму. Навистина е застрашувачки колку лесно се прифаќа таквиот пристап/однесување кон уметниците како нешто сосема нормално, како тие да немаат сметки за плаќање, како она што го работат да паѓа од небо и е за бадијала. А пари има, верувај ми, сум се уверил со свои очи и на своја кожа, во Македонија има пари за новинарите и уметниците и нивните дела, за она што им се објавило – книга, расказ, колумна, стрип. Парите се таму и им се доделуваат на одредени луѓе во медиумите или институциите преку најразлични фондови, кредити, донации и слично, но за жал

огромниот дел од тие пари не се распределуваат понатаму до оние што создаваат, пишуваат, цртаат – тие пари се ставаат во нечиј џеб и исчезнуваат. А уметниците денес најчесто се безгласни букви, мислат нема пари и се согласни да работат за џабе, демек за возврат би добиле простор во медиумите, би се чуло за нив и така натаму, се разбира тука е замешана и политиката, партиската поделеност и ред други работи, но пари има! И за ова би можел да зборувам во некоја друга прилика инаку малку ќе забегам од темата на ова прашање. А во Австралија е поинаку, ако некој побара од тебе да му направиш илустрација тогаш очекуваш за тоа да бидеш награден. Ова зависи од случај до случај, јас сум немал многу прилики да зачекорам подлабоко во тој свет во Австралија, меѓу другото затоа што лебот си го вадам на друг начин, но од она малку што сепак сум го искусил на своја кожа или чул од други уметници, бидуваш награден за својот труд, нема такво нешто како работа за џабе, освен ако се разбира не си решил тоа да го правиш на доброволна основа. Но ако нешто ти се објави за тоа постои хонорар и колку и да е скромен редовно се исплаќа. Тука за хонорар сум правел илустрации по нарачка, сум бил уредно платен за објавени карикатури, продадени слики итн.

10 Кои се најголемите пречки и демотивации за еден уметник и како ти ги надминуваш?

Единствениот проблемот е што од уметноста не можеш да се издржуваш. Многу се ретки тие што од неа можат да заработуваат доволно за да живеат нормален живот. Ова сум го сфатил уште додека бев на факултет во Скопје, кога ми се објави мојата збирка раскази. Уште тогаш ми беше јасно дека за да опстанам и ја сочувам својата независност ќе мора да имам постојана работа. Затоа решив да станам технолог и до ден денешен така се издржувам и го надминувам најважниот проблем на секој уметник – а тоа е како да се опстане и како да се биде слободен и независен. Од својата уметност единствено сум заработил нешто, пак недоволно за да се преживее, од продажбата на своите слики, од хонорарот за моите карикатури што едно време се објавуваа во еден магазин во Австралија. Исто добивав релативно пристојни хонорари за наградуваните раскази на конкурсите во Студентски збор и Нова Македонија, во времето кога уште беше Југославија, и за збирката раскази (Нема враќање) што се објави тогаш. Но од кога дојде времето на транзиција не сум добил никаков хонорар од Македонија. На пример не добив ни скршен денар за мојот роман (Маде ин Јабана), во издание на Слово во 2004, ниту за учеството во двете збирки наградени раскази во издание на Темплум. Ниту за објавените песни како дел од една-две збирки објавени од веќе ни самиот не знам кој. Исто не сум добил ни скршен денар ниту за стрипот кој еве гледам речиси секојдневно се објавува по разни портали и е-магазини/весници. Сето тоа се демотивации и многумина од ваквиот однос веројатно уште одамна би се задушиле и потклекнале/исчезнале од сцената, но еве ме, уште сум тука, жилава сорта сум јас и не се предавам така лесно. Сепак на крајот на денот боли кога ќе видиш какви луѓе добиваат признанија, награди, како лесно и за многу помалку создадено стануваат членови на друштвото на писателите, си се затвораат во најразлични литературни, сликарски или стрип кругови и, како што прочитав неодамна, буквално си прават пазарчиња за награди, повеќето од нив дури и измислени и таквите „автори“ преку ноќ стануваат многунаградувани, читам по некои од нив добивале дури и по 10-20 такви награди годишно.

Дипломиран сликар Весна Ничевска Саравинова

Македонската Јованка Орлеанка

Случки од Истокот
Македонската Јованка Орлеанка

Меѓу посериозните проблеми од кои зависи мирот во Европа, треба да се вброи, и тоа меѓу првите, македонското прашање, кое досега е далеку од тоа да биде решено, иако Турците сакаат да нè убедат да веруваме поинаку.

Православните Македонци, измачувани и угнетувани од Турците, се побунија и европските народи оценија дека нивните поплаки се доволни само за тоа да се побараат и потоа да се наметнат сериозни реформи на султанот.

Тој секако дека им вети, но некако не се брзаше за да ги спроведе реформите. Ова истото си продолжи и во Константинопол.

Револтот се интензивира, репресијата стана уште поголема и Бугарија се запраша дали таа има интерес за поддршка на тврдењата на Македонија, чија религија и интереси се исти како нејзините.

Ова резултираше со значителна пратка на војници на границата на Бугарија кон Турција.

Но во овој момент, најзаинтересираните земји, како Русија и Австрија, се декларираа дека тие нема да интервенираат со оружје, што предизвика голема претпазливост во Бугарија, премногу слаба за да влезе самата во борба со војската на султанот.

Во исто време, Високата Порта доби силна критика за своите овластувања и вети дека ќе ги исполни сите свои обврски.

Дали спокојот конечно ќе се роди во Македонија? Се стравува дека не. Долго време таму ќе се војува и ќе има пролевање на крв на двете страни. Меѓутоа исто така долго време ќе се зборува за хероизмот на овие неопеани херои кои се заложија за независноста на нивната татковина против ужасите на муслиманската тиранија.

Во секоја куќа се слават успесите на оваа исклучителна млада девојка по име Катерина Арнаудова, општо позната како македонската Јованка Орлеанка, за која што од секоја уста може да се слушнат приказни за нејзините големи дела.

Родена во близината на Неврокоп, во едно мало село во кое таа чувала кози, еден убав ден Катерина поради маките го напуштила својот крај, земајќи ја облеката на својот брат, се вооружала и се вклучила во одредот на Дончо како доброволец.

Оттогаш секој од угнетените браќа кој ќе ја видел хероината во првите редови на борбеното поле, и покрај опасностите добивал пример за неуморност и издржливост.

Нејзината репутација станала толку голема за многу кратко време, така што многумина од револуционерите ја молеле да застане на чело на одредот. Таа прифатила.

Катерина станала едно од најстрашните нешта за Турците во Македонија. Главата на македонската Јованка Орлеанка била уценета.

Le Petit Journal, 26 јули, 1903 (број 662)

Превод од француски: Никола Темков

Événements d' Orient
La Jeanne d'Arc macédonienne

Parmi les graves problèmes dont la solution intéresse la tranquillité de l' Europe, il faut compter, en tête, la question macédonienne, qui est bien loin d' être encore résolue, quoi que fassent les Turcs pour nous faire croire le contraire.

Les Macédoniens orthodoxes, opprimés, martyrisés par les turcs, se sont révoltés et les nations européennes ont estimé leurs griefs assez justes pour demander et ensuite imposer des réformes sérieuses au sultan.

Celui-ci les a naturellement promises, mais il mis peu de hâte à les accomplir. C' est d' ailleurs ainsi que l' on procède à Constantinople.

La révolte s' est donc accentuée; la répression est devenue plus cruelle et la Bulgarie s' est demandé si elle n' avait point intérêt à appuyer les revendications de la Macédoine, dont la religion et les intérêts sont les mêmes que les siens.

Il en est résulté des envois considérables de troupes à la frontière tant de la part de la Bulgarie que de celle de la Turquie.

Mais, à ce moment, les nations les plus intéressées, telles que le Russie et l' Autriche, ont déclaré qu' elles n' interviendraient point par les armes, ce qui a inspiré la prudence à la Bulgarie, trop faible pour entrer seule en lutte avec l' armée du sultan.

En même temps, la Sublime Porte recevait des avis énergiques des puissances et promettait de tenir tous ses engagements.

La tranquillité va-t-elle renaître enfin en Macédoine? Il est à craindre que non. Longtemps encore on s' y battra et le sang y coulera de part et d' autre. Longtemps aussi on y parlera de l' héroïsme de ces obscurs héros qui se levèrent pour l' indépendance de

leur Patrie contre les horreurs de la tyrannie musulmane.

Dans la moindre chaumière on célébrera tout particulièrement les exploits d' une superbe jeune fille, Catherine Arnandouda, appelée couramment la Jeanne d' Arc macédonienne, dont le récit des exploits est sur toutes les lèvres.

Née à Newrokop, un petit village où elle gardait les chèvres, la belle Catherine prit un jour, émue des douleurs de sa Patrie, les vêtements de son frère, s' arma d' un fusil et s' enrôla parmi les braves volontaires de Doutscho.

Depuis lors, partout on vit notre héroïne au premier rang, méprisant le danger, donnant à ses frères opprimés l' exemple de la valeur et de la résistance aux fatigues.

Sa réputation devint si grande en peu de temps, qu' un nombre considérable de révolutionnaires la supplièrent de se mettre à leur tête. Elle accepta.

Et c' est ainsi que Catherine Arnandouda est devenue l' un des chefs les plus redoutés des Turcs qu' il y ai en Macédoine. La tête de la Jeanne d' Arc macédonienne a été mise à prix.

Le Petit Journal du 26 Juillet 1903 (Numéro 662)

EXPLICATION DE NOS GRAVURES

Evénements d'Orient

LA JEANNE D'ARC MACÉDONIENNE

Parmi les graves problèmes dont la solution intéresse la tranquillité de l'Europe, il faut compter, en tête, la question macédonienne, qui est bien loin d'être encore résolue, quoi que fassent les Turcs pour nous faire croire le contraire.

Les Macédoniens orthodoxes, opprimés, martyrisés par les Turcs, se sont révoltés et les nations européennes ont estimé leurs griefs assez justes pour demander et ensuite imposer des réformes sérieuses au sultan.

Celui-ci les a naturellement promises, mais il a mis peu de hâte à les accomplir. C'est d'ailleurs ainsi que l'on procède à Constantinople.

La révolte s'est donc accentuée; la répression est devenue plus cruelle et la Bulgarie s'est demandé si elle n'avait point intérêt à appuyer les revendications de la Macédoine, dont la religion et les intérêts sont les mêmes que les siens.

Il en est résulté des envois considérables de troupes à la frontière tant de la part de la Bulgarie que de celle de la Turquie.

Mais, à ce moment, les nations les plus intéressées, telles que la Russie et l'Autriche, ont déclaré qu'elles n'interviendraient point par les armes, ce qui a inspiré la prudence à la Bulgarie, trop faible pour entrer seule en lutte avec l'armée du sultan.

En même temps, la Sublime Porte recevait des avis énergiques des puissances et promettait de tenir tous ses engagements.

La tranquillité va-t-elle renaître enfin en Macédoine ? Il est à craindre que non. Longtemps encore on s'y battra et le sang y coulera de part et d'autre. Longtemps aussi on y parlera de l'héroïsme de ces obscurs héros qui se levèrent pour l'indépendance de leur Patrie contre les horreurs de la tyrannie musulmane.

Dans la moindre chaumière on célébrera tout particulièrement les exploits d'une superbe jeune fille, Catherine Arnandouda, appelée couramment la *Jeanne d'Arc macédonienne*, dont le récit des superbes exploits est sur toutes les lèvres.

Née à Newrokop, un petit village où elle gardait les chèvres, la belle Catherine prit un jour, émue des douleurs de sa Patrie, les vêtements de son frère, s'arma d'un fusil et s'enrôla parmi les braves volontaires de Doutscho.

Depuis lors, partout on vit notre héroïne au premier rang, méprisant le danger, donnant à ses frères opprimés l'exemple de la valeur et de la résistance aux fatigues.

Sa réputation devint si grande en peu de temps, qu'un nombre considérable de révolutionnaires la supplièrent de se mettre à leur tête. Elle accepta.

Et c'est ainsi que Catherine Arnandouda est devenue l'un des chefs les plus redoutés des Turcs qu'il y ait en Macédoine. La tête de la Jeanne d'Arc macédonienne a été mise à prix.

КРУШОРАДИ (ЛЕРИНСКО)



Селото Крушоради се наоѓа под северозападните падини на планината Кајмакчалан, североисточно од градот Лерин, речиси до самата граница со денешна Република Македонија. Селото е на надморска височина од 730 метри. Покрај селото Крушоради тече Стара Река, чии извори се наоѓаат на планината Кајмакчалан. Стара Река е постојано полна со води, особено во пролет. Во селото има два рудника, во кои немало крушорадец што не работел. Во Крушоради имало еден манастир „Св.Харалем“ и пет цркви „Св. Димитрија“, „Св. Илија“, „Св. Спас“, „Св. Спиридон“, „Св. Ѓорѓи“. Селото имало многу добро развиено сточарство, лозарство и овоштарство. Рудниците, водениците, варниците и пасиштата, познати по целото леринско поле, го правеле Крушоради поатрактивно.

По легендите, Крушоради е многу старо село и лежело понасевер во познатата месност Грамада,

каде што во нашето блиско минато постоеле големи купишта од грамади камења, остатоци од старата населба Крушовград. Така, според легендата, првобитното име на селото Крушоради било Крушоград, што укажува на тоа дека тоа село некогаш било поголема населба. Во турските документи од почетокот на XVII век и во публикацијата Etnographie de la Macedonia, издадена 1881 година, Крушоради се споменува со името Крушово, кое е понова населба. Во споменатата публикација селото Крушоради се води со 40 куќи и со 115 жители.

Според сеќавањата на постари крушорадци, населението на Крушоради било доселено од разни околии и локации на Македонија, блиски и подалечни, уште од времето на турската империја. Во бројот на доселените семејства спаѓаат: Џинговци, Мајновци, Бакаровци од Енице Вардар; Димовци и Дудевци од село Попадија, Леринско; Љамовци, Цуцуловци и Канзуровци од село Сетина, од истата околија Делеманчевци, Гурмишовци, Гоговчевци од село Сович, Битолско; Костенчевци, Петковци од Скочивир, Битолско; Костовци од село Росен, Леринско; Буковци од село Буково, Битолско. За другите семејства нема податоци од каде дошле во Крушоради.

Жителите на Крушоради зеле масовно учество во македонското Илинденско востание. Раководител и организатор на крушорадските жители била даскалката Ката Неданчева, родена во Крушоради. Во 1899 година во Крушоради биле поставени темелите на Македонската организација. Раководители биле: Крсте Канзуров, Атанас Балов, Филип Гоговчев и Соле Весов – Карадако.

Населението во Крушоради отсекогаш било македонско. Според статистичките податоци од пред Балканските војни, кои се наоѓаат во публикацијата „Населените места во Егејска Македонија“ од Тодор Симовски, тоа броело 600 до 650 жители, а пак во



Стојан Гоговчев, еден од бранителите на селото Крушоради, учесник во ДАГ и загинат во граѓанската војна во Грција

официјалниот попис од 1913 година се води со 606 жители. Во селото не постоела традиција за одење на печалба. Во споредба со соседните села, бројот на печалбарите од Крушоради бил минимален. Сепак, поради првата светска војна, настанале помал број миграции, па така во пописот од 1920 година на помирен начин на живот, бројот на населението пораснал до 967 жители. До 1946 година Крушоради имало 153 семејства: Горното Маало 32, Средното Маало 75 и Маалото Јуруко 46 - вкупно 943 жители. Средното маало било секогаш најразвиено, тука доаѓале трговци од други села со стока и слично. Во секое маало имало по едно или по неколку дуќанчиња.

Прваша група музичари од Крушоради, леринско.
Мичо, Леко Ѓошев, Ристо Божинов, Лазо, Фоти Божинов

За жал, по окупацијата на Егејскиот дел на Македонија од страна на Грците, како резултат на Балканските војни, земјата не само што не им била разделена на селаните туку, со цел да се реализира нивната денационализаторска политика и да се врши систематски притисок врз селаните, таа му била отстапена на познатиот злосторник на македонското население во овој крај, грчкиот андартски војвода Капетан Стефо, кој се покажал како уште поголем ѕвер од претходните турски чифликсајбии. По сè изгледа дека уште многу порано селаните ја изгубиле сопственоста на земјата и се претвориле во чифлик на турскиот бег Феин, освен маалото Јуруко, чии жители ја откупиле земјата и станале сопственици. Земја од Крушоради поседувал и леринскиот грчки пратеник Бинопулос. Во 1926 година Грците го прекрстиле селото во Ахлада, тие го нарекле така, преведувајќи го зборот „круша“ со грчкиот збор „ахлада“. Во 1943

година од единиците на ЕЛАС паднал убиен крвникот Стефо и така во 1955 неговата земја се поделила на новонаселените колонисти.

До почетокот на Граѓанската војна во Грција, односно во 1946 година во Крушоради немало никакви измени на населението. Целото население на Крушоради било монолитно од чисто македонско потекло. Промените настанале за време на Граѓанската војна во Грција (1946-1949 година), односно по поразот на ДАГ (Демократската Армија на Грција) во август 1949 година. За време на Граѓанската војна 85% од населението било принудено да го напушти родното огниште, а на нивното место грчките власти доселиле жители од јужните делови на Грција. По поразот на ДАГ, од населението чисто крушорадски останале само 26 семејства. Иако грчките власти вршеле силен притисок врз нив со цел да ги асимилираат, односно да ја напуштат родната земја, тие во тоа не успеале, благодарејќи на вредното чувство за отпор и за чување на народните традиции и обичаи, кои навистина крушорадци отсекогаш ги чувале и ги негувале.

Тале Гоговчев

Податоците се земени од:
Зисо Каралиев „Разгорено Крушоради“, Скопје, 1980 година

Зисо Каралиев, учесник во ДАГ

Интервју со оперската певица
Весна Ѓиновска-Илкова

1 Кажете ни нешто за вашите почетоци со пеењето?

Моите почетоци воопшто како контакт со класичната музика започнуваат од рана возраст, со почетокот на првото одделение. Тогаш, како и секое дете немав целосна претстава за неа, а имав контакт со пеењето преку хорот Златно Славејче и школскиот хор. На иницијатива на мојот татко почнав да го изучувам виолончелото. Беше премногу ново сето тоа, но во исто време интересно.

2 На која возраст го започнавте вашето музичко образование и кои беа некои од вашите први учители?

На мојата 8 годишна возраст започнав со виолончелото, а некаде подоцна на 14 годишна возраст започнав со пеењето. Имав среќа да бидам кај добар професор, Милка Ефимова, која со своето знаење и умеење на водење на глас ми ги пренесе првите моменти во воведувањето на оперското пеење.

3 Кога и каде се случи вашиот концертен настап после кој знаевте дека „коцката е фрлена“ т.е. дека вашата иднина како оперска певица е одредена?

Па јас би рекла дека е тоа еден процес на изучување и поминати години каде пејачот се пронаоѓа, осознава, создава своја перцепција за неговата кариера. Мојата коцка беше фрлена со победата на фестивалот на млади уметници „Томе Грнчаровски“ со што обезбедив место во мојата куќа, Македонската Опера и Балет (МОБ). Од тогаш започнува мојата професионална работа.

4 Секој странец со барем малку чувство за слух се воодушевува од македонското народно творештво и особено од нашите народни песни и мелодии. Имате ли вие свои омилени од македонските народни песни?

Ех, ме погодивте во срце. Не постои Галичанец кој нема да го сака Сариевски и неговите песни. „Зајди зајди јасно сонце“ е мојата химна каде и да одам.

5 Кои се вашите музички идоли? Чие музичко влијание врз себе би го издвоиле?

Ако зборуваме за идоли како пејачи ги имам повеќе, но сепак ќе ја издвојам Рената Тебалди. Нејзиниот глас претставуваше инспирација за мене

низ годините. Додека како карактери и личности секогаш наоѓам стабилност кај мажите.

6 Настрана од операта дали некои други жанрови на музика сакате да ги слушате „за своја душа“?

За своја душа наоѓам секогаш време да слушам музика која е малку „помека“. Така да многу често дома се слуша Заз, Адел, Кристина Агилера и наши македонски и ЈУ музички групи.

7 Повеќе од две децении сте активни на сцената при што остваривте многубројни настапи како во Македонија така и во соседството, но и многу подалеку од нашиве краишта. Тоа ве прави своевиден македонски културен амбасадор. Имате ли такво чувство кога настапувате по разните поблиски или подалечни дестинации по светот?

Последното гостување беше во Џакарта, Индонезија каде со мојата куќа имавме одлични концерти. Патувам, и тоа го сакам. И секаде каде стои моето име тоа е 100% македонски производ. Мојата

љубов е музиката и така и работам. Близу 20 години на сцена не се воопшто малку, а притоа испеани над триесетина насловни улоги.

8 Какви се сознанијата кај странците со кои сте соработувале за Македонија и Македонците, за нашата култура и музика?

Нема странец кој не рекол дека Македонија е земја на рајот. А навистина е така. Имате сè што можете да помислите, само да знаеме да го цениме тоа.

9 Која е за вас најтешката оперска ролја што сте ја испеале досега, и зошто?

Дефинитивно улогата на Турандот во истоимената опера. Единствена каде што мојата возбуда не можам да ја совладам. Моето деби беше во 2009 година, и еве повторно деновиве ја исполнувам во Македонската Опера и Балет.

10 Вашата музичка наобразба потпомогната со сега веќе обемното меѓународно искуство на Факултетот за Музичка Уметност при УКИМ ја пренесувате на помладите генерации Македонци. Какво е чувството да се биде професор?

Работата како професор ме смирува, ме опушта, и ми дава простор да го пренесам своето знаење на младите генерации. Имам одлични студенти кои веќе пеат на сцената во нашата куќа (МОБ), што за мене претставува успех и огромна сатисфакција за понатамошна работа.

11 Има ли Македонија млади таленти што ветуваат идни блескави моменти за македонската музичка сцена дома и по светот?

Секако дека има. Македонија е расадник на убави гласови. Поднебје кое изобилува со квалитет.

12 Вашето потекло е од славното мијачко македонско село Галичник. Наоѓате ли време надвор од професионалните и други обврски да го посетите?

Галичник е моето второ јас. Од таму се моите корени, моите родители, и природно е да бидам

дел од него. Ме релаксира, инспирира, опушта, па нема момент што не го користам со моето семејство да отидам и отседнам и по неколку недели. Го има најубавиот галички кашкавал, надалеку познат, и овчото сирење кое е идентитет за селото.

13 Минатава година, како и на почетокот на новава 2014 година имавте неколку настапи дома и во странство, ќе ни кажете ли нешто повеќе за тоа?

Изминатава година беше плодна и работна. Посакувам таква да биде и следнава. На последното гостување во Индонезија добивме одлични критики и покани за понатамошни проекти. За оваа година се спремам да настапам во Њујорк каде ќе одржам свој целовечерен концертен настап.

14 Кои се вашите планови и аспирации за поблиската и подалечна иднина? Имате ли некои неостварени сни за настапи или соработки што би сакале да ги остварите?

Соништа секогаш постојат и добро е што ги има, но јас ќе речам дека јас како пејач во кариера посакувам само континуитет во работата, и многу нови наслови.

Гоце Панговски

ПО ПРАШАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА, ЗА МНОГУ ОД НАС Е ЕДНОСТАВНО НЕСФАТЛИВО, ДУРИ И ОТКАКО ПО МНОГУ ПАТИ НАШИТЕ ГРЧКИ ПРИЈАТЕЛИ ЌЕ НЕ ИЗБРИФИРААТ И НИ ОБЈАСНУВААТ КОЛКУ ЗА НИВ Е ВАЖНО ИМЕТО. СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ОВА ПРАШАЊЕ ЌЕ СЕ РЕШИ, НО НЕ МОЖАМ ДА РАЗБЕРАМ КАКО МОЖЕ ИМЕТО МАКЕДОНИЈА ТОЛКУ МНОГУ ДА ГИ НАВРЕДУВА НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ВО ГРЦИЈА. МОЖЕБИ НЕ СУМ ДОВОЛНО БИСТАР.

ИЗЈАВА НА СЕНАТОРОТ ОД АРИЗОНА ЏОН МЕКЕЈН, ОДГОВАРАЈЌИ НА ПРАШАЊЕ НА МЕТО КОЛОСКИ ОД ОБЕДИНЕТАТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ЗА МОЖНОСТА САД ДА ПОМОГНАТ ДА СЕ НАДМИНЕ СПОРОТ ЗА ИМЕТО НА ВРЕМЕ ДО ГОДИНАШНИОТ САМИТ НА НАТО.

Манлихера, верната придружничка на македонските револуционери

Во борбата за слобода од отоманскиот јарем едно од емблематичните оружја на македонските револуционери е пушката манлихера, позната и како манлихерка, малиќер и малихера. Се работи за австро-унгарската пушка Штаер-Манлихер М1895 (Steyr-Mannlicher M1895) дизајнирана во 1895 година од страна на Фердинанд Ритер фон Манлихер (Ferdinand Ritter von Mannlicher). Манлихерата е со 8mm калибар и била произведена во околу 3 милиони примероци.

Во спомените на Борис Сарафов е забележан случај на купување на 1100 пушки манлихери и друго оружје во 1900 година, директно од Штаер (Steyr), градот во кој што овие пушки се произведувале. Пушките тајно биле транспортирани, преку Дунав биле пренесени до Бугарија, а потоа до бугарско-турската граница, а дел од нив и во Македонија.

„За година и половина околу 560.000 франка вкупно влегоа во касата на Комитетот. Повеќе од половината од тие пари беа дадени за бојни материјали. Купивме 1.100 пушки малихерки во Австрија, и околу 10.000 кримки со еден и половина милион патрони, околу 1.500 мартинки, берданки и др.; и имаше не помалу од илјада револвери. Заедно со комитетите внатре отидоа до 200 пушки манлихерки; а другите беа сместени во складови на границата (за манлихерки пушки беа дадени 64.000 франка а сè на сè чинеа до 70.000). И воопшто сите пушки беа сместени во складови, и се предадоа на следниот Комитет“, пишува Сарафов за случувањата во 1900 година, кога бил претседател на Врховниот Македонски Комитет (ВМК). [1]

Американскиот новинар Алберт Сониксен (Albert Sonnichsen), за време на својот престој во блатата во егејскиот дел на Македонија, запишал една битка, во која што неколкумина отомански војници паднале поразени од манлихерите на македонските

[1] „Спомени И.Х.Николов, Д.Груев, Б.Сарафов, Ј.Сандански, М.Герџиков, д-р. Х.Татарчев“, Култура, Скопје, 1995, 146

револуционери.

„Кога есента се врати турската војска за да ги заземат своите стари места, не знаеше што се случило. Еден плотун од манлихерови пушки, што грмна меѓу високата трска им донесе смрт за некои, а на останатите им ги отвори очите. Еден млад офицер, поглупав од другите, извикал:

– Ние сме аскер! Ким син сис? (Кои сте вие?)

Од трските одговориле:

– Ние сме комити, ура!“[2]

When the soldiers came back they were ignorant of what had happened until a volley of Manlicher bullets ripped through the high swamp cane and carried death to some and enlightenment to others. One young officer, more dense than his fellows, shouted:

"We are asker! Kim sin sis?" The answer came out of the cane brake:

"We are comitlara! Hurrah!"

Confession of a Macedonian Bandit, стр. 23

Пушки манлихери имале македонските револуционери Никола Карев, Борис Сарафов, Даме Груев и други. Тодор Александров исто така имал манлихера, а за неа, според написот „Бунтовничкот водач убиен“ (Rebel chief killed), од 16 септември 1924 година објавен во весникот “The News“, карактеристичен бил телескопскиот нишан.

„Пишувајќи за “The Times“ од Лондон, кореспондентот вака го опиша Александров: „Неговата слика го прикажува облечен во спастрена, еднолична униформа, со црна брада која стига до четвртото копче. Тој седи со скрстени нозе и ја милува во своите раце, кои што се тенки како на девојка, моќната пушка манлихера со телескопски нишан...“, [3] пишува во написот посветен на убиството на „водачот на Македонците“, војводата Тодор Александров.

most efficient in the world. Writing in "The Times," London, a correspondent described Alexandroff in this way:— "His picture reveals him dressed in a dapper uniform of drab, with a full black beard reaching down to the fourth button. He sits cross-legged and fondles in his hands, which are slender and tapering like those of a girl, a high-power Mannlicher rifle with telescope sights. He lives in the huts of

REBEL CHIEF KILLED Leader of Macedonians BETRAYED BY FOLLOWERS

[2] Albert Sonnichsen “Confessions of a Macedonian Bandit”, New York, 1909, 30-31

[3] Rebel Chief Killed, Leader of Macedonians betrayed by followers “The News”, Adelaide, September 16, 1924, 1

Освен што македонските револуционери ја држеле в рака, пушката манлихера е претставена и на неколку подоцнежни кокарди на ВМРО.

Манлихерата често се спомнува и во македонските народни песни. Меѓу нив е и „Малихери пукаја“, песна во спомен на војвода Иван Христов Орџанов, познат и како Иванчо (Ванчо) Карасулијата.

„Малихери пукаја, леле, малихери пукаја,
Малихери пукаја, на Гандачо планина.

Тојо Ванчо војвода, тојо Ванчо војвода,
Тојо Ванчо војвода, на чукарка седеше.

На чукарка седеше, леле, на чукарка седеше,
На чукарка седеше, заповед ни даваше.

Јуриш браќа комити, леле, јуруш браќа кумити,
Јуриш браќа комити, да ја ослободиме,
да ја ослободиме, мајка Македонија.“ [4]

Манлихерата е опеана и во познатата македонска народна песна „Болен лежи катил Ѓорѓи“.

„Болен лежи катил Ѓорѓи,
в Солунски зандани.
Дење лежи катил Ѓорѓи,
ноќе го испрашуваат.

Кажи, кажи катил Ѓорѓи,
кај е твојта пушка?
Кај е твојта пушка Ѓорѓи,
пушка малихера?

Ал’ ме праша клети душман,
право ќе ти кажам.
Право ќе ти кажам душман,
нема да те лажам.

Глава давам клети душман,
пушка не кажувам.
Пушка не кажувам душман,
пушка маликера...“ [5]

Во народната песна „Излези, стара мајко“, пушката манлихера е прикажана како верна сопруга на македонскиот комита.

---

[4] „Малихери пукаја“, Pesna.org

[5] „Болен лежи катил Ѓорѓи“, Pesna.org

„Ја излези, стара мајко,
надвор до портата,
па да чуеш, стара мајко,
што песна се пее.
Да го чуеш, стара мајко,
твојот син комита,
песна пее, стара мајко,
в' планина ќе оди.
Песна пее, стара мајко,
песна за слобода.

Збогум мајко, збогум жено,
збогум мили деца.
Мојта жена, стара мајко,
пушка малихера.
Мојте деца, стара мајко,
дребните куршуми.“ [6]

Ист е случајот и со македонската народна песна „А бре Коњо, мамин Коњо“.

„А бре Коњо, мамин Коњо,
мамина кумито,
доста оди, мамин Коњо, пустите планини,
пустите планини, Коњо, у рамни долини.

Нели се нагледа, Коњо,
младите ан'мки?
Ајде да те женам, Коњо,
за едно кавурче.

Нели се наноси, Коњо,
пушки малихерки,
нели се нафрла, Коњо,
дребните куршуми?

- Мојта жена, мила мајко,
пушка малихерка,
мојте деца, мила мајко,
дребните куршуми...“ [7]

Манлихерата е прикажана како сопруга на комитата и во народна песна од егејскиот дел на Македонија, пеена од Александар Неделков од село Статица.

„— Баба не те жени, Коњо,
за попова ќерка.
— Е мори бабо, стара бабо,
стара неразбрана,
жена имам, стара бабо,

[6] „Излези, стара мајко“, Pesna.org

[7] „А бре Коњо, мамин Коњо“, Pesna.org

пушка малихерка.
Деца имам, стара бабо,
работа ми вршат,
работа ми вршат,
атар не ми кршат,
фашиски глави кршат.“ [8]

Оваа пушка се спомнува и во песната „Што е чудо станало ф това село Ресава“, пеена од Славејко Толов од Ресава роден во 1900 година, забележана меѓу 1932-1938 година:

„Што е чудо станало ф това село Ресава,
ф това село Ресава, Биковското маало.

Млади момци јунаци с малихерки у раци,
с малихерки у раци, патрондаши на гради,
штикови на к`кови, пиштоли у појаси,
пиштоли у појаси, бумбите им у раци...“ [9]

Во македонската народна песна „Оздола идат еден млад војвода“ се пее за комити кои што на рамо носат пушки манлихери.

„Оздола идат еден млад војвода,
по него одат седум, осум души,
нане мила нане, седум, осум души.
На рамо ми носат пушки малихери,
на гради ми носат чифте патрондаши,
на глава ми носет црни фес капчина,
нане мила нане, црни фес шапчиња.

Право ми тргет горе за Рашанец,
првиот ми беше Аргир Маринче,
вториот ми беше тој Васил Зимов,
нане мила нане, тој Васил Зимов.

Третиот ми беше Стеван Куртела,
четвртиот ми беше Јанко Димитров,
нане мила нане, Јанко Димитров.

Бог да го убие Вељан од Речица,
нане мила нане, Вељан од Речица

---

[8] „Народни песни од егејска Македонија“ Macedonia History Documents

[9] „Што е чудо станало ф това село Ресава“, Македонски комитски песни

што ги предаде седум осум души
Седум осум души, сè млади момчина
се млади момчиња, сите Македонци
нане мила нане, сите Македонци.“ [10]

Во песна од егејскиот дел на Македонија, пеена од Дине Неделков од село Екшису, исто така се спомнуваат комити, „момци Македонци“ со куси манлихери на рамо.

„Помоли се бабо, леле Тино,
ветер да продуне, леле бабо,
реки да промрзнат,
момци да преминат,
момци Македонци.
На лево рамо си носат, бабо,
куси малихери,
На десна страна
На глава си носат, бабо,
сиви могуни,
црни ми калпаци,
на калпаци пише, леле бабо,
Смрт или слобода,
За Македонија,
За Македонија,
земја поробена.“ [8]

Во песната „Што е ова чудо“ се пее за битка помеѓу аскерот и македонските комити вооружени со манлихери.

„Што е ова чудо, мамо мори,
што е ова чудо,
што е ова чудо, мамо мори,
чудо ем големо, чудо ем големо!

Плато сардисано, мамо мори,
плато сардисано,
плато сардисано, мамо мори,
од четири страни со четири реда.

Плато сардисано, мамо мори,
плато сардисано,
плато сардисано, мамо мори,
Турци анадолци, Турци анадолци.

Турци анадолци, мамо мори,
Турци анадолци,
Турци анадолци, мамо мори,
сè со бели капи, капи раскапани.

Малихери пукаат, мамо мори,
малихери пукаат,
малихери пукаат, мамо мори,
Турците се ухаат, Турците се ухаат.

Бомбите се ф’рљаат, мамо мори,
бомбите се ф’рљаат,
бомбите се ф’рљаат, мамо мори,
ордите се одвраќаат, ордите се одвраќаат.“ [11]

За манлихерата се пее и во песна посветена на македонскиот револуционер Методи Патчев.

„Јас Методи Патче од Охрида
ослободен од битолски затвор.
Па си тргнав за Охрида града,
там’ не најдов ни мајка, ни татко.

---

[10] „Оздола идат еден млад војвода“, Македониум

[11] „Што е ова чудо“, Македонски комитски песни

Там' си најдов верната бисерка,
верната бисерка, малихерка.

Па си тргнав за Прилепа града,
за Прилепа, село Кадиново.
Там' си најдов верната дружина,
верната дружина, договорна.
Слово држи Методија Патчев:
напред браќа, борба да водиме.

Се зададе силната потера,
силната потера, кавалерија.
Поарџија сите си куршуми,
оставија само еден куршум.

Слово држи Методија Патче:
ајде браќа да се убиеме.
Наврти ја пушки во градите.
Прв се уби Методија Патче,
а по него целата дружина.“ [12]

За пушката манлихера како верна придружничка на македонските револуционери се пее и во песните „Гоце е тажен зашто блиските жив го жалат“ (манлихери), „Заплакало е Мариово“ (малихери), „Абре Каурче“ (малиќер) и други.

Александар Стеванов

[12] „Јас Методи Патче од Охрида“, Pesna.org

Димко Илија Сарванов - Могилчето

Тој се родил во 1879 година во село Могила, битолско. Неговиот татко, Илија Сарван, бил човек од средна рака, затоа го гледаме Димко, веднаш по завршувањето на основото училиште во родното село, да помага во селските работи на татка си. Како дете Димко бил доста буен. Неговиот поголем брат бил покрстен од Стојан Донски, кој што прв, на чело на една мала дружина, го обиколувал битолско и го сеел семето на бунтот. Неколку месеци пред Илинденското востание, при една организациона обиколка на сугаревата чета во село Могила, бил вовлечен во вриежот на револуцијата и самиот Димко. За време на востанието Могилчето дејствува заедно со Јон Кафеџијата. Во таа чета бил и другиот подоцнежен легендарен полски војвода - Јон Пашата. Меѓу тие знаменити синови на Битолско поле се создала една многу блиска дружба. По востанието Димко Могилчето станува околиски полски војвода. Како таков тој покажува чудеса од храброст и ладнокрвност.

Тој создал тесна врска со неколку турски кехаи - особено со еден од село Чарлија, со кој што обиколувал низ селата на својот реон. При таквите обиколки тој секогаш се облекувал во беговска облека, седнат на својот коњ и неретко патувал сам по царскиот пат, небезпокоен од никого. Могилчето знаеше да зборува турски. Во градот Битола беше непознат, затоа можеше слободно да влегува. Тој води многу битки, од кои што ќе остане запаметена големата битка кај селото Ивени, мариовско. Во таа битка Димко бил тешко ранет, но за среќа турскиот аскер не можел да го открие и после, преоблечен во селски алишта, се прибрал во Битола, каде што се излекувал и одново излегол. Тој учествувал во уништувањето на прочуениот турски деребеј Шефкија.

Другарството меѓу Могилчето и Јон Пашата било големо и срдечно и ете зошто веста за раната и трагична смрт на Јон била многу мачно прифатена од Димко. „Брат ми Ристе - велеше Димко - умре, но

Абер ми иди од Могила

Абер ми иди од Могила,
низ поле Пелагониско,
право ми оди Битола
Битола кај валијата. x2

Валијо бре Селим-ефенди x2
Могила е полна кумити
таму е Димче Могилче. x2

Налутил се Селим-ефенди, x2
спрегнал си коња дорија
одбрал си аскер најсилен
утре ќе оди Могила
одбрал си аскер најсилен
низ прстен јајце да протни.

Излези бре Димче Могилче x2
жената ќе ти ја украдам
далеку ќе ја однесам x2
во сарај ќе ја потурчам.

Ај од тука Селим-ефенди
ај од тука куче касапско,
кожата ќе ти ја одерам
на плевна ќе ја обесам. x2

Македонска народна песна

неговата смрт јас не ја оплакував толку, но сега, кога умре Јон, мојот верен другар, само едно сакам: кога на него прават 40 дена, мене да ме погребат“.

И за жал, се случи таа прокоба! Во еден тажен зимски ден во 1907 година, Димко Могилчето, облечен во беговска облека и тежок феспискулија на главата, ја наметнал верната пушка, седнал на бујниот коњ, пленет од Шефкија при неговото убиство, се враќал од селото Карамани, каде што отишол по организациска работа. Кога наближил до селото Ношпал, застанал пред еден кладенец, околу кој што имало група Роми, кои работеле кај чифликчиите, заедно со своите деца. Го кренал Димко камшикот и со неколку лоши турски зборови им заповедал да го напојат коњот. Ромите се разбегале. Целата таа сцена не останала незабележана од беговите и кехаите, кои што од кулата виделе сè и се прашувале зачудено, каков може да биде тој бег кој што ги тепа насобраните луѓе околу кладенецот. Димко го јуриша коњот, влегува во селото и оди во една селска куќа. Во дворот на таа куќа набргу се собрале селани. Димко се симнал од коњот и започнал да се поздравува со сите селани. Турците, кога виделе дека „бегот“ се симнал од коњот и започнал да се поздравува со сите селани, разбрале дека тоа е Димко Могилчето. Се досетиле по поздравувањето, затоа што турските бегови не ги поздравувале селаните со ракување. Димко останал да преноќува во една куќа и дал наредба да дојдат по еден човек од селата Далбеговци и Дебалци. Дошле двајца раководители на тие села: Цветко и Марко. Дошле да го водат во своите села. За време на првата ноќ Турците не се осудиле да го предадат, затоа што се плашеле тој да не се спаси, а потоа тие да настрадаат. Откако дошле куририте од горните две села, Турците веќе се увериле дека Димко ќе го напушти селото и веднаш го соопштуваат тоа на гарнизонот во село Могила. Димко со двајцата селски раководители водел долг разговор и на крај им кажал да се вратат обратно, затоа што тој сакал да остане да преноќува таа ноќ во село Ношпал. Раководителите Цветко и Марко настојувале Димко веднаш да тргне со нив, но тој им откажал и на збогување им

порачал пред своите села да испратат селани да го пресретнат. Раководителите си заминале. Доаѓа аскерот од село Могила и ја опколува куќата во која бил Димко Могилчето. Тука, во куќата во која бил тој, имало скривалиште и Димко успеал на време да се сокрие. Доаѓаат Турците, ја проверуваат куќата, но ништо не успеале да пронајдат и започнале да се приготвуваат за пат. Скривалиштето во кое што се наоѓал Димко била длабока и темна дупка, во која што воздухот влегувал само преку еден мал отвор. Една од домаќинките се уплашила многу, немој Турците да го забележат Димко преку дупката, зела и со еден камен го затнала единствениот отвор преку кој што влегувал воздух во скривалиштето, и на тој начин ја прекинала воздушната струја. Турците, по безуспешните пребарувања, започнале да се повлекуваат. Кога и последната група на турски војници започнала да го напушта дворот, одеднаш еден тап грмеж ги натерал Турците да се вратат обратно кон куќата. Овој пат тие го наоѓаат скривалиштето и трупот на Димко со револвер в рака. Трупот бил доста поцрнет. По сопирањето на воздушната струја, Димко сам посегнал кон револверот и на тој начин ставил крај на својот бурен живот.

Нека е вечна неговата слава!

Бојан Мирчев „Илустрација Илинден“, година 3, книга 7 (27), Софија, септември 1930 година, стр, 12-13

Превод: Александар Стеванов

Димко Илия Сарвановъ-Могилчето

Той се е родилъ презъ 1879 година въ с. Могила-Битолско. Неговиятъ баща—Илия Сарванъ—билъ човѣкъ отъ срѣдна ржка, затова виждаме Димка,

веднага следъ свръшването на основното училище въ родното си село, да помага въ селскитѣ работи на баща си. Като дете Димко е билъ доста буенъ. Неговиятъ по-голѣмъ братъ е билъ покръстенъ отъ Стоянъ Донски, който първи, начело на една малка дружина, е обикалялъ *Битолско* и е сѣялъ семето на бунта. Нѣколко месеца преди Илинденското въстание, при една организационна обиколка на Сугаревата чета въ с. Могила, е билъ въвлѣченъ въ кипежа на революцията и самиятъ Димко. Презъ време на въстанието Могилчето действува заедно съ *Йонъ Кареджията.* Въ тая чета е билъ и другиятъ по-сетнешенъ легендаренъ полски войвода—*Йонъ Пашата.* Между тѣзи именити синове на Битолско поле се е завързала една много тѣсна дружба. Следъ въстанието Димко Могилчето става околийски полски войвода. Като такъвъ той показа чудеса отъ храбрость и хладнокръвие.

Той завързалъ тѣсна връзка съ нѣколцина турски кехаи—особено съ единъ отъ с. *Чарлия*, съ когото обикалялъ изъ селата на своя районъ. При такива обиколки той винаги се е облималъ въ бейско облѣкло, възсѣдалъ на своя конь и нерѣдко е пжтувалъ по царското джаде самъ, необезпокояванъ отъ никого. Могилчето знаеше да говори турски. Въ града Битоля бѣше непознатъ, затова можеше свободно да влиза. Той води много сражения, паметно отъ които ще остане голѣмото сражение при с. *Ивени*—Мариовско. Въ това сражение *Димко* билъ тежко раненъ, но за щастие турскиятъ аскеръ не можалъ да го открие и после, преоблѣченъ въ селски дрехи, се прибралъ въ *Битоля*, гдето се излѣкувалъ и наново излѣзълъ. Той участвува при унищожението на прочутия турски деребей Шевкия.

Другарството между Могилчето и Йонъ Пашата е било голѣмо и сърдечно и его защо вестьта за ранната и трагична кончина на Йона е била много мжчно понесена отъ Димка. „Братъ ми Ристе—казваше Димко—умрѣ, но неговата смърть азъ не оплакахъ толкова, но сега, когато умира Йонъ, моятъ вѣренъ другарь, само едно желая: когато на него правятъ 40 дни, мене да погребватъ“.

И уви, сбжда се тая прокоба! Презъ единъ тжженъ зименъ день на 1907 год., Димко Могилчето, облѣченъ въ бейски дрехи и тежъкъ фесъ-пискюлия на главата, наметналъ вѣрната си пушка, възсѣдналъ на буйния си конь—пленень отъ Шевкия при убийството му, се е завърщалъ отъ с. Карамани, гдето ходилъ по организационна работа. Като наближилъ селото Ношпалъ, спрѣлъ се предъ единъ кладенецъ, около който е заварилъ една група цигани, работници на чифликчиитѣ, заедно съ децата имъ. Вдига Димко камшика и съ нѣколко развалени турски думи имъ заповѣдва да напоятъ коня. Циганитѣ се разбѣгали. Цѣлата тая сцена не е останала незабелязана отъ беговетѣ и кехаитѣ, които отъ кулата сж видѣли всичко и сж се-питали смаяно, какъвъ може да бжде тоя бегъ, който бие насъбралитѣ се хора около кладенеца. Димко зашпорва коня, влиза въ селото и се отбива въ една селска кжща. Въ двора на тая кжща скоро се събрали селяни. Димко слѣзълъ отъ коня и започналъ да се здрависва съ всички селяни. Турцитѣ, като видѣли, че „бегътъ“ е слѣзълъ отъ коня и започналъ да се здрависва съ всички селяни, разбрали, че това е Димко Могилчето. Досѣтили се по здрависването, защото турскитѣ бегове не поздравляваха селянитѣ съ ржкостискане. Димко останалъ да преноцува въ една кжща и далъ нареждане да дойдатъ отъ селата Далбеговци и Дедебалци по единъ човѣкъ. Дошли двамата ржководители на тѣзи села: Цвѣтко и Марко. Дошли да го водятъ въ своитѣ села. Презъ първата нощь турцитѣ не посмѣли да го предадатъ, защото сж се опасявали да ни би той да се спаси и после да пострадатъ. Следъ като дошли куриеритѣ отъ горнитѣ две села, турцитѣ сж се увѣрили вече, че Димко ще напусне селото и веднага съобщаватъ на гарнизона въ с. Могила. Димко водилъ съ двамата селски ржководители дълъгъ разговоръ и на края имъ казалъ да си заминатъ обратно, защото той щѣлъ да остане да нощува и тази нощь въ с. Ношпалъ. Ржководителитѣ Цвѣтко и Марко настоявали Димко да потегли веднага съ тѣхъ, обаче, той имъ отказалъ, като на сбогуване имъ заржчалъ да изпратятъ предъ своитѣ села селяни, за да го пресрещнатъ. Ржководителитѣ си отишли. Идва аскерътъ отъ с. Могила и обсажда кжщата, въ която е билъ Димко Могилчето. Тукъ, въ кжщата, въ която е билъ той, имало скривалище и Димко успѣлъ навреме да се скрие. Идватъ турцитѣ, обискиратъ кжщата, обаче, нищо не могли да намѣрятъ и започнали да се готвятъ за пжть. Скривалището, въ което се е намиралъ Димко, е била дълбока и тъмна дупка, въ която въздухъ е влизалъ само презъ едно малко отверстие. Една отъ домакинитѣ се уплашила много, да не би турцитѣ да забележатъ презъ дупката Димка, взима и затулва едничкото отверстие, отъ което е влизалъ въздухъ въ скривалището, съ единъ камъкъ и по такъвъ начинъ спрѣла въздушната струя. Турцитѣ, следъ безуспешнитѣ тарашувания, започнали да се изтеглятъ. Когато започнали да напускатъ двора и последната група турски войници, изведнажъ единъ тжлъ гърмежъ накаралъ турцитѣ да се върнатъ обратно къмъ кжщата. Тоя пжть тѣ намиратъ скривалището и трупа на Димко съ револверъ въ ржка. Трупътъ е билъ доста почернѣлъ. Следъ спирането на въздушната струя, самъ Димко посегналъ къмъ револвера си и така туриль край на бурния си животъ.

Да бжде вѣчна неговата слава!

Бонъ Мирчевъ.

Апостол Петков - Терзиев

македонски
револуционер
1869-1911

(портрет карикатура, молив во боја на хартија)

Никола Анѓелкоски

Македонскиот Робин Худ

„Ако имаше некој од разбунтуваните ѓаурски поданици на Абдул Хамид, спрема кои тој да има лична омраза, тогаш тоа беше Апостол војвода. За случајниот посматрач однадвор и за обичните селани, христијани или муслимани, тој беше видната личност на револуцијата. Странски полициски офицери и конзулски чиновници, неуки за внатрешниот развиток на организацијата, водеа тајни преговори со Апостол, за да ги дознаат неговите гледишта за различните прашања за реформата. Тие веруваа дека тој е претставник на селските маси. Јас сум сведок дека султанот испрати еден од своите роднини кај Апостол војвода, за да ги дознае неговите услови, при кои тој би се повлекол од револуционерна дејност.

Апостол беше македонскиот Робин Худ. Тринаесет години тој носел оружје. Уште пред Дамјан Груев да го организира прочуениот Централен комитет, Апостол ги крстосувал планините.“

Алберт Сониксен (Albert Sonnichsen) „Исповед на еден македонски четник“ (Confessions of a Macedonian Bandit), глава IV, „Блатата на Караферија“(The Swamp of Karaferia).

ИКОНИ ОД МАКЕДОНИЈА

Успение на Богородица, околу 1818 година, работилница на зограф Крсте Поп Трајанович, црква Св. Спас, Скопје.

Исус Христос Спасител и Животодржец, 1393-4 година, работилница на зограф митрополит Јован, црква Преображение, манастир Зрзе, Прилеп.

Овде можете да ги прочитате сите прет

Секоја од насловните страници претставува линк до содржи

ходни изданија на Македонска Ризница

ината на соодветниот изминат број на Македонска Ризница

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Во идниот број ќе читате:

Марко Крале - Кеазим Исинов
Јане Сандански - карикатура

Македонска ризница:

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

НОВА ЗОРА

ГОРЕ ГЛАВАТА!

ТопПост

TopPost.mk

cOoLTuRa

WWW.WHEREISMACEDONIA.ORG